## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 16.06.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2500/1 | | |


# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2025 до 31.12.2025 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 јуни 2026 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за Европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);

   - **Правилник за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти – пречистен текст** (Бр. 01-918/1 од 06.03.2025).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), направен врз основа на податоците доставени од Јавниот радиодифузен сервис, не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Според доставениот Образец за европски аудиовизуелни дела и европски дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1590/1 од 01.04.2026 година), Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), од буџетот наменет за програми во 2025 година, издвоил 20.35**%** за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

Сите европски аудиовизуелни дела од независни продуценти наведени во податоците доставени од Јавниот радиодифузен сервис се произведени во последните пет години.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***